Здружение на граѓани од областа на архитектурата и културното наследство
СИТИ СКОП
Бр 01/2021
05.04. 2021 год.
СКОПЈЕ
Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 03-743/2
01.04. 2021 год.
СКОПЈЕ
Меѓународно здружение на граѓани
КУЛТУРНО ЕХО
Бр. 11-01.
24.03 2021 год.
Скопје

**До:**
Градоначалникот на Град Скопје, Г-дин Петре Шилегов
Претседателот на Совет на Град Скопје, Проф. Д-р Љубица Јанчева
Агенција за планирање на просторот (сектор урбанистичко планирање), м-р Јулијана Ставревски

Почитувани,
Ја доставуваме оваа **Иницијатива** за измена на Генерален урбанистички план за град Скопје со плански период 2012-2022, односно имплементирање на предлог измените во склоп на новиот Генерален урбанистички план за град Скопје за плански период 2022-2032.

Во склоп на оваа иницијатива го наведуваме следниот предлог:
Промена на основната намена А(Домување) за четврт СЗ 25 одредена согласно ГУП за град Скопје 2012-2022, во основна намена **В (Јавни дејности и институции)** за четврт СЗ 25 во чиј опфат спаѓа и комплексот на фабрики "Купрум".
Врз основа на оваа промена, деталниот урбанистички план за СЗ 25 во иднина ќе може да претрпи измени, со што се овозможува градежната парцела на комплексот фабрики "Купрум" да се адаптира во склоп на Основна намена од групата на класи на намени В (Јавни дејности и институции) односно класата на намени В3 (Култура). Предвидените поединечни намени би биле согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно бројните поднесени иницијативи и веќе направените анализи, како и реализирани проекти за ревитализација на Купрум и негова пренамена, поддржани од Општината Ѓорче Петров како и од повеќе државни институции, утврдено е дека објектите на комплексот фабрики "Купрум" имаат потенцијал да бидат ревитализирани и адаптирани со намена од Култура – В3.
Конкретниот пристап преку процес на ревитализација и реставрација, ќе резултира со зачувување на објектите во истиот габарит во кој што се изградени, како и зачувување на нивните архитектонско-конструктивни карактеристики. Со низа потребни интервенции ќе се оствари обнова, а воедно истите објекти ќе примат нова, соодветна програма во областа на **образование и култура.** Овој процес придонесува кон зајакнување на локалната економија, зголемување на вредноста на недвижнините, децентрализација на културата, унапредување на туристичката понуда на Град Скопје и зголемување на квалитетот на живот на граѓаните (пред се на младите). Проект од ваков обем е соодветен да биде дел од проектната апликација за Скопје Град на културата 2028 година.

Дополнително, реупторебна на напуштените индустриски комплекси во интерес на култура е дел од: „**Националната стратегија за развој на културата за период од 2018-2022**",и затоа го издвојуваме овој факт како особено важен. Иницијативата е во линија со државните стратешки цели. Меѓу другото, иницијативата ја поднесуваме поради **итната потреба за хуманизација на просторот**, од причина што овој простор повеќе од две децении претставува целосна спротивност на овој принцип. Водени од темелните вредности на уставниот поредок а каде спаѓа и хуманизација на просторот, бараме постапување на институциите во таа насока. Поднесуваме иницијатива за промена на ГУП-от како клучен механизам кој ќе придонесе за почитување на темелните вредности на Уставот.

Иницијативата е доставена и до Влада на Р.С.Македонија, при отворен ден за граѓански иницијативи, по што согласно пропишаниот механизам добивме одговори од надлежните институции и истите ги доставуваме на увид во прилог на овој допис.

Подносители:

Општина Ѓорче Петров,
Градоначалник Александар Наумоски ____________________

Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо - Скопје“,
Претседател Симона Димковска ______________________

Здружение на граѓани од областа на архитектурата и културно наследство „Сити Скоп-Скопје“
Претседател Јана Брсакоска ______________________

Скопје,
24.03.2021 година